**2** ТЕМА



Неговото величество

Гоце Мечето (ветеринарен техничар)

# ГРАЃАНИН ЗА ГРАЃАНИН, ДРЖАВА ЗА ПАРИ





**Неговото величество:**

## Гоце - Мечето (ветеринарен техничар)

Видете, господине.

Ти можеш да кажуваш што сакаш, ама во демократијата ти е како во ветерината: секое животинче сака да си живее и сака да му биде најубаво.

### *Исто, ама како прекопирано!*

Еве на пример, со државата. Секое животинче си има **ТЕРИТОРИЈА**, како што и државата си има територија. Ајде нека му влезе друго куче во дворот на моено.

Или, на пример, со пчелите, видете ги цел рој пчели во една кошница. Таму си има и вакви и такви пчели и трутови и матици и медарки. Си живеат заедно и нема пчели од прв ред и пчели од втор ред. Исто ти е и во државата. Имаш различен народ, вери и не е битно што се и како се – сите се еднакви и си велат:"Штом живееме во иста кошница, сите ние имаме исти права". Можеби трутовите повеќе си се сакаат меѓу себе, можеби медарките ја озборуваат матицата, можеби некоја пчела ѝ подносува малку мед на некоја оса во близина, но не е битно – се живее. Гледаш? И тие знаат што е политика и се однесуваат како некој наднарод... како да речам, како повеќе народи, кои рекле „ајде ќе бидеме **ПОЛИТИЧКИ НАРОД**". Затоа јас подобро ја сфаќам работата од Вас господине, оти ветерината ти е чиста демократија.

Ама да делиш битно од небитно. За сето тоа да го има, мора да има организација. На пример, со ластовичките. Леле што убав пример ми текна, леле колку сум паметен. Како го велеше ти она? А, да! **ОРГАНИЗИРАНА МОЌ**... Ме исплаши – да не ти беше тоа намерата? Ами мора да има организирана моќ. Ластовичките исто така имаат политика. Сите се еднакви, но си бираат најспособна да ги одведе каде што треба, инаку наместо во Африка ќе се најдат на Северниот пол. Замисли, наместо жирафи гледаат пингвини.

? Ајде кажи дали не сум во право?

Да, господине Рече. Има сличности, гледано вака однадвор. Овој начин на размислување за државата и споредба со животинските организации е одамна познат. Само има разлика: животинчињата

работат според инстинкт, а луѓето имаат свест и се договараат. Е тоа, како се договараат за да ја делат моќта, тоа е политика.

Еве, ти добро кажа дека секоја држава има територија, народ и организирана моќ.

Секоја држава во светот е различна, што се однесува до луѓето што таму живеат. Важно е да се знае дека еден НАРОД се чувствува како посебен затоа што има различен јазик, вера, култура, обичаи и традиција и чувство за посебност. Дури може да има и различна историја. Некои народи веруваат дека некогаш многу одамна потекнале од ист предок.



?

Што деца изродиле...

Покултурно речено, тоа сето заедно една група луѓе ја прави народ или „**ЕТНОС**". Но тој етнос – тоа за една држава и не е многу важен, затоа што таа се потпира врз поединецот – граѓанинот, па дури потоа врз етноси. За државата народот е битен како „**ДЕМОС**".

!

Види, вака не играм. И јас тебе можам да ти употребам некои ветеринарни термити.

Извини Мече, сега ќе појаснам, но те молам немој со термити, туку со термини. Мислам... ако не ти пречи.

!

Не, јас ќе ти појаснам да видиш дека ветерината е многу силна наука.

Кога еден или повеќе етноси ќе си направат власт, тогаш не е битно она „браќа по крв", „исто потекло", „исто месо", први братучеди... Тогаш сирењето се продава со пари и братство многу не се гледа. Тогаш етносот станува демос, а тоа ти е нешто како „материјал за правење држава", нешто како народ што се занимава со политика и се договара како ќе ја дели моќта. Во тие први човечки заедници најбитно било на владетелот да му бидеш братучед, брат, роднина... и тогаш си добиваш што ти следува по роднинска линија. Но, сите виделе дека така не оди долго, зашто со роднини не се брани територија, а и брате многу биле алчни.










**Браво Рече, кажа толку реченици и ниту еднаш не спомена животно. Ова е напредок.**

Одлично си сфатил. Држава не се прави од „етнос“, туку од „демос“. Така да се каже, етносот мора малку да „узрее“ за да се формира држава.

Значи, кога ќе имаме територија и луѓе, мора да се воспостави **ВЛАСТ**, и **ПОЛИТИЧКИ ИНСТИТУЦИИ** и потоа се избираат луѓе што ќе ги водат. Така сите граѓани ѝ припаѓаат на државата, а владеат тие што ќе ги одберат граѓаните, односно и тие се обични граѓани, кои добиле легитимитет да владеат во името на сите други граѓани.

Па, ти реков дека е како со пчелите - еве, така да речам, сите пчели подеднакво се жители на кошницата, како што сите граѓани во Македонија се нејзини ДРЖАВЈАНИ... Само што пчелите немаат пасоши.



Господине Рече, не е тоа баш толку просто како со пчелите или ластовичките. Ајде нека направат тие држава кога се толку паметни. Замислете држава на ластовички???

Има многу луѓе што ги мешаат поимите „народ“, „нација“, „националност“, „национален идентитет“. Многу лесно е да се направи каша од сето ова, но многу потешко е да се излезе од кашата.

Битно е како луѓето се чувствуваат, но има една друга поважна работа, а тоа е каде (држава) и како (демократија) живеат. Сите луѓе во една држава го творат **ПОЛИТИЧКИОТ НАРОД** и само тој може да одлучува, да ги одржува редот и мирот, одбраната на границите, носењето закони, нивното спроведување. Тоа се нарекува „заеднички обврски и задачи“, затоа што никаде нема само права без обврски. Една заедница луѓе станува нација или политички народ кога е поврзана со **ЗАЕДНИЧКО ВЛАДЕЕЊЕ**. Наједноставно речено, сите државјани во една држава, кои подеднакво ги уживаат правата и должностите што им ги нуди државата, се припадници на една иста **НАЦИЈА**. Така, на пример, во Македонија сите нејзини државјани се припадници на македонската нација, без оглед на нивната етничка припадност. Од друга страна, дел од граѓаните се припадници на други народи, но не и на други нации.

А зар не е попаметно сите тие народи да се исподелат на помали државички и да си живеат сами?







Ајде помисли. Кој е тој што може да ги подели народите и тие да бидат задоволни? Ако бидат незадоволни, ќе војуваат за границите. Едните ќе речат „Ние имаме историско право", другите ќе речат исто; едните ќе речат „Ние сме повеќе", другите ќе речат дека тоа не е толу важно. Ако така размислуваме, подобро уште веднаш да се преселиме на Северниот пол, затоа што сите држави од цел свет ќе завојуваат една против друга. Поради таа причина постои меѓународна конвенција за неменување на границите. Самиот факт што во демократијата сите граѓани се еднакви им дава подеднакви шанси на сите и како граѓани и како народи и како здруженија.

Нацијата, или политичкиот народ, може во многу голема мера да биде составена од еден помногуброен народ или етничка заедница (на пример, Јапонија), или, пак, од поголем број народи или етнички заедници. Тогаш државата ќе биде:

- „**мултиетничка**" држава, каде што различни народи оформиле една држава за да бидат посилни и поубаво да живеат, наместо да војуваат и да се мразат. Но, да се знае: такви држави можат да се формираат и на сила. На пример, еден крал сака да има што повеќе територија и луѓе, па си освојува колку што може. И кога ќе го нема тој крал, сите тие освоените можат пак да си се вратат на старо, но можат и да останат да живеат заедно. Некои такви држави можат да бидат формирани и поради интересите на „големите сили".
- „**космополитска**" или емигрантска држава, каде што припадници на различни народи се доселиле на иста територија (иселенички држави - Австралија или САД). Тоа не им пречи сите тие да се чувствуваат како една нација, но може да се случи и да се испокараат меѓу себе, за тоа кој човек на кој народ припаѓа.

Па, не може така, секој што ќе допатува во Македонија веднаш да биде нејзин државјанин. Што ако им текне на два милиони Кинези да се доселат кај нас?



Па, и не е така, господине Мечкаровски.

Прво, државјанството е правен статус на еден човек. За да се биде дел од политичкиот народ на една држава, поединецот треба да има државјанство на таа држава. Ако добие државјанство, поединецот станува и граѓанин на таа држава. И не може само така некој да се досели и да рече: „Јас добив правен статус: **ДРЖАВЈАНИН НА РМ**", туку има правила, си постои закон. Е заради тоа се нарекува **ПРАВЕН СТАТУС**. Државјанството се добива на неколку различни начини:

**а.** според местото на раѓање – треба да си роден во оваа држава;

**б.** според местото на престојување (живеење) – на пример, ако си живеел долго време во една држава, тогаш државјанството ти следува со закон, а во законот пишува колку години треба да си живеел во таа држава;

**в.** според етничкото потекло. Ете тука јасно гледаш дека државата се грижи и за народите. Луѓето со определено етничко потекло имаат право да се вратат како државјани во земјата од која потекнуваат. Тоа се нарекува матична држава на човекот;

**г.** по пат на натурализација, а тоа значи кога оние што не се родени граѓани на една држава, од различни причини стануваат граѓани на таа иста држава. Тоа си го пишува во законите на секоја држава.

Сите овие различни начини се предвидени во Законот за државјанство на Република Македонија.

## Која е улогата на граѓанинот во демократијата?



Јавниот живот на една демократија во својот центар го има граѓанинот. Граѓанството во секоја демократска држава има сопствени права и обврски. Меѓутоа, најважно е секогаш да се има предвид дека граѓаните ја имаат врховната власт. Оваа врховна власт не подразбира само моќ за донесување одлуки (на пример: кој ќе биде на власт), туку граѓаните да имаат моќ и да создаваат и да менуваат устави. ▸ ▸ ▸

Граѓанството во демократијата значи многу повеќе отколку само правен статус, тоа е состојба на ум, на разум, која создава врски меѓу луѓето и ја поттикнува индивидуалната посветеност кон основните принципи на демократијата. Граѓанството, исто така, може да се сфати и како јавна служба, која е многу поважна отколку која и да било друга во една демократија. Таа јавна служба подразбира и дејствување во името на заедницата. Како цел на таа служба е и критиката на општествените ситуации и настани. Да се биде критичен не значи да се биде против демократијата. Критичноста и спротивното мислење најмногу доаѓаат до израз во демократските општества и помагаат секој поединец да може лично да си ги искаже сопствените ставови.

## Кои се правата и должностите на граѓаните во демократијата?

Добро, ова не мора да го зборуваме, затоа што јас го имам учено порано, кога учевме марксизам во социјализмот.

### Марксизам??? Социјализам???

Па, мислам дека баш затоа и треба да говориме за ова, затоа што правата и должностите на граѓаните во демократијата значително се разликуваат од оние во другите политички системи.

Прво да започнеме од она што го кажа ти, господине Мечко една. Ајде да се смирам.

Секоја држава си има свој начин на владеење и идеологија. Во „социјализмот" тоа беше марксизмот. Но, во демократските држави тоа е демократијата, а изгледа потешка за разбирање затоа што овде не е државата таа што треба да „го контролира" граѓанинот, туку граѓанинот треба да ја контролира државата. Како се прави тоа?

**Преку правата што ги имаат граѓаните во демократијата:**

- **право да учествуваат во политичкиот процес** (има многу вакви права: да гласаат на слободни, фер и регуларни избори; да имаат право да добијат работно место во државната администрација; право на еднакво членство во политичките институции; право на петиција; на референдум; право да практикуваат слобода на политички говор, на политичко здружување и собирање; како и право на образование што ги подготвува граѓаните да учествуваат во демократскиот процес).

- **права на приватност и сопственост**;
- **право на избор на религија;**
- **право да се изразат себеси и своите идеи** (преку весници, слики, карикатури, поезија, манекенство...)
- **право на приватно здружување** (невладини, синдикални и други организации, право да членуваме каде што сакаме...)
- **право на еднаквост пред судот и право на фер судски процес**
- **други права**

**Каде има права има и должности.**
**Аjде Мече да ги поделиме.**

Што ќе земеш ти?

**Па бидејќи има многу права, јас ќе ги земам нив за да не ти биде тебе тешко.**

Тешко???

**Да, тешко дека некој граѓанин ќе си ги земе правата без обврските, тие одат заедно како кашкавал со пица.**

**НАЈВАЖНА од сите должности е онаа којашто наложува моќта на граѓанството да се користи на начините што се во согласност со основните демократски принципи. Поинаку речено, граѓанинот е стопан на државата и демократското уредување и тој мора така да се однесува со нив како со свој имот: мудро да раководи со нив, да ги унапреди и да ги остави во наследство на идните генерации.**



**А каков е тој имот?**

Главниот имот се правата на граѓаните. Граѓанинот мора своите права да ги штити од власта и од сите други, ако види дека тие сакаат да ги ограничат.

**Граѓанските права се најубавиот дар за идните генерации.**

**Обврска на граѓаните е да ги штитат демократските права на секој граѓанин. Тоа е основната обврска од која произлегуваат сите други.**

Но, заштитата на правата не смее да се претвори во плукање по правата на другите, ниту да ја руши државата. За тоа си постојат начини како „се удира власта по нос", за да не го пика каде што не ѝ е место. Тие начини се нарекуваат **ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ДЕМОКРАТСКИ МЕХАНИЗМИ** (пишување писма, отворена и јавна критика, здруженија на граѓани... и... кога ќе дојде време и гласање на избори). Тој - некој што ги крши правата на граѓаните ќе треба да се подзамисли.

**Само немој барајќи права, да кршиш права на други.**

Втора многу важна обврска на граѓаните е да учествуваат во јавниот живот и да влијаат врз власта.

Демократиите овозможуваат многу можности преку кои граѓаните можат да учествуваат во јавниот живот и да се обидат да влијаат врз активностите на власта. Граѓаните мора да влијаат на сите нивоа:

- локално,
- регионално и
- национално ниво



**Е, како се прави тоа?**

Преку:

а. формална (официјална, со утврдени правила и начини) политичка акција, како што е гласањето на избори, петиции до владата, како и вработување во државната администрација. Граѓанинот треба да ги отвори очите при гласањето и да оцени која политичка програма или партија му се чини најприфатлива. Тука е потребна голема мудрост;

**б.** неформална политичка акција, како што се лични средби на граѓаните со политичари и државни службеници, пишување писма до весници, телефонски кампањи, маршови и протести;

**в.** здружени активности во кои спаѓа учеството во интересни организации, групи за притисок, политички партии, социјални движења, синдикати и религиски организации.



Покрај влијанието врз власта, граѓаните во демократијата, исто така, можат да дејствуваат **директно во решавањето на проблемите** во својата заедница, и сето тоа е во рамките на граѓанското општество и граѓанското организирање (членување во постојните здруженија или преку создавање нови здруженија). Во невладините организации граѓаните можат слободно да работат и да ги проценуваат состојбите во државата, да дискутираат за тоа како владее власта, да ја поддржуваат владата, да ја критикуваат... да се обидат да си ја направат државата поубава за живот.

Овие граѓански здруженија се нарекуваат и невладини здруженија, пред сѐ затоа што државата (во огромен дел) не ги финансира и не може да им нареди да направат или да мислат нешто. Владата може да има огромна корист од работата на овие организации, па дури и да им биде партнер за решавање на некој проблем.

Битно е да се сфати дека разликите меѓу граѓаните се многу помали отколку сличностите, а исти такви се и нивните интереси. Но, граѓаните мора да бидат свесни за тоа и да ги откриваат врските што постојат, заради нивно и заради општо добро.

## Врски меѓу граѓаните во една демократија?



Видете, господине филозоф. Многу ни испрјкажавте, а не споменавте битни работи како што се врските меѓу луѓето. Па, исто како и во една корпа со кутриња. Само да ги видите како си играат, си помагаат, се караат... Една милина да ги гледаш... И луѓето имаат потреби од врски, а не само држава, влада, партии. Па, имаат ли луѓето и некои други врски?

Е, сега на крајот ја оправи работата господине Мечкаровски. Така размислува еден граѓанин.

Не, јас потекнувам од село и ова не се однесува на мене.

Рековме, „граѓани" се сите државјани на оваа држава, па нека се и од село.

Во демократијата не се важни само врските меѓу поединците и власта. Многу важни се и останатите врски меѓу поединецот и заедницата. А заедници колку што сакате (комшии, маало, кварт од градот, верска заедница, етничка заедница, мешана заедница, заедница на школска младина, нивни родители...). Колку што повеќе граѓаните се свесни за овие врски, толку е поголемо нивното чувство на припадност и нивната способност да владеат. Така, еден граѓанин може да види дека не припаѓа само на својот народ и на својата држава, туку и на други заедници и групи.

Но да видиме - какви сè врски има?

1. Врската на граѓанинот со себеси, т.е. **самодоверба, самоостварување и самодисциплина**, тоа е верувањето во своите одлуки важни за сопствениот живот, но исто така и верба дека може да се влијае врз граѓанскиот живот.

**Ако не веруваш во демократијата, таа помалку ќе ти се случува.**

2. Врската на граѓанинот со другите граѓани, т.е. со граѓанството, и толеранција, почитување на правата на другите, исполнување на должностите, доверба и соработка, разумна недоверба и загриженост, самокритика, конкуренција. Тоа значи дека мора да почитуваме кога некој има вакви или такви врски. Тоа е негов избор и за тоа ние немаме што да се лутиме.

3. Врската на граѓанинот со соседството значи да се чувствува и да се има свест дека е дел од заедницата, дека е заинтересиран за проблемите во заедницата, учествување во јавните работи, учество во решавањето на проблемите.



4. Врската на граѓанинот со владините институции и политичкиот живот се состои во разните форми за учество во политиката, набљудување и влијание врз власта, оценување на предлозите за државни реформи, заземање став на опозиција против власта.

5. Врската на граѓанинот со општеството/државата некои ја поистоветуваат со патриотизам или чувство за приврзаност кон земјата. Во ред, тоа е прифатливо и тука можат да се додадат: лојалност кон главните уставни вредности и принципи, загриженост за јавните работи... Но, граѓанското размислување нуди нешто ново што се нарекува ГРАЃАНСКИ ПАТРИОТИЗАМ, а тоа значи: сето она што го кажавме пред малку + сопствен придонес кон сето тоа преку совесно извршување на сопствената работа и инсистирање и луѓето околу себе правилно да си ја извршуваат работата + напорна работа + личен пример. Тоа значи многу нешта: точност, деловност, добро реално планирање, убав однос со луѓето, познавање на законите околу сопствената работа, немешање во приватните работи на другите... Некој рекол:

> **Граѓанинот не треба да го прави она што не сака да му го прават, граѓанинот не постапува онака како што не сака со него да се постапува, граѓанинот дава таква услуга каква што сака и тој самиот да добие.**

Човек мора да се чувствува како граѓанин на светот, затоа што тоа и е. Грижата за човековите права, можноста за разбирање меѓу сите луѓе, членството во меѓународни организации, грижата за планетата, сите тие работи мора да нè интересираат и нашето однесување да нè поврзува со нив. Не можеш да речеш дека не ти е грижа за озонската обвивка. Мислиш дека ти нема да заболиш од рак?

A дали демократската држава не е љубоморна кога граѓанинот нема врска само со неа, ами има и други врски?



## Мече, момче... Љубовта е љубов, а демократијата - демократија.



Демократската држава посакува да има постоење на различни видови припадност и врски. Мудрата власт знае дека луѓето се различни и имаат различни интереси, сфаќања и потреби. Поради тоа и постојат повеќе политички партии и различни политички размислувања. Различните врски и припадност спречуваат општеството да биде еднолично и пасивно.

Различните припадности често создаваат и конфликти. Поради тоа бираме луѓе што тие конфликти треба да ги решат на мирен начин, преку институциите на државата и на граѓанското општество. Ако различните припадности не се дозволени, општеството ќе престане да биде слободно и ќе нема ниту „Д“ од демократија.

Но какви се тие различни припадности, да не припаѓаат луѓето во несвест? Еве, коњите припаѓаат во родот „копитари“ и точка!



Мече, едно наградно прашање: дали коњите припаѓаат и во групата „домашни животни“, и во групата „'рбетници“...? Дури и коњите имаат различна припадност.

Еве ти, на пример. Припаѓаш на народот Македонци, припаѓаш на машкиот род (да?), припаѓаш на групата навивачи на *Вардар*, но исто така и на навивачи на *Реал*, припаѓаш на православната верска група, на ветеринарната професија, на групата оженети со деца, на групата граѓани што живеат на село, на групата љубители на животни, на групата потрошувачи, на групата непушачи, љубители на домашни природни сокови... Има да се наведува до утре.

Значи, на коњите им е полесно!



Еве малку припадности, но така малку поднаредени, а потоа ќе ти кажам и зошто е толку важно да припаѓаш на различни групи.

?

Само побргу оти сум член на кугларскиот клуб и имам закажано со еден комшија, Албанец, исто куглар, да го „одерам" со 5:0.





**а.** членство во разновидни групи - му обезбедува на секој поединец широко искуство, забава, професионален напредок, искористување на природните дарби, како и можност да направи избор меѓу различни припадности (членување во хор, драмска група, карате клуб, навивачка група, кугларски клуб...). Некои луѓе своите способности ги откриваат во такви здруженија. Тоа е многу битно за талентираните луѓе да „излезат на површина".

**б.** членство во разни организации како што се: религиски, професионални или добротворни... Тоа им овозможува слобода на поединците да го изберат начинот на живот што тие сакаат да го водат (во демократијата одењето во религиски храмови е слободен избор на секој поединец, но исто така дозволено е членување и во националистички групи, групи „занесени"... Дури и тоа е слободно право на секој граѓанин). Некои вакви припадности ти се дадени со самото раѓање без да можеш да избираш, но ако ти пречат, можеш подоцна да ги смениш или да се откажеш од нив. На пример, има луѓе што се родени како православни, или муслимани, но не веруваат во Бога. Тоа е нивно право.



***Зошто е тоа важно?***

Ако поединецот има повеќе припадности, помали се шансите да биде обземен од некоја насилна, милитантна или радикална идеја што би можела да го однесе в затвор, да предизвика негова смрт или смрт на некого друг...

Да, бре! Тоа ти е она кога ќе речат „зауздан како коњ", само едно знае и само тоа го тера.

Мече, стручњак си за коњски термини. Многу е едноставно и исто ти е како со сексот: колку што ти е позабранет, повеќе те привлекува. Ако имаш различни информации од повеќе извори, ако си бил во различни ситуации, ќе имаш пошироко познавање и сфаќање за одредени области и тоа ќе ти помогне да ги сфатиш ДРУГИТЕ. Ако ги сфатиш, можеш со нив да соработуваш, да правиш бизнис, да имаш повеќе пријатели. Ако не сакаш да ги сфатиш, никој не те тера. Ако не сакаш да припаѓаш - пак никој не те тера. Затоа е демократијата силна: не те принудува, туку те пушта сам да се принудиш.

**Ако има слобода да се види лошото, подобро ќе го почитуваме доброто.**

Но, тука има уште една паметна:

**Паметниот учи на туѓите грешки, а будалиот на своите.**

Па, сега ти види...



ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

# НАЦИОНАЛИЗАМ И ДЕМОКРАТИЈА

1

Понекогаш постојат некои **ЗАБЛУДИ** на одредени (или на сите) етнички групи, кои своите припадности ги величаат, а оние од **ДРУГИТЕ** ги омаловажуваат. Исто така, мислењата на **СВОИТЕ** ги уважуваат, а мислењата на **ТУЃИТЕ** ги сметаат за неточни. Врв на сето ова е кога поединци или групи доаѓаат до заклучок за огромната разлика на **НАШИТЕ** и **НИВНИТЕ**, дека таа е толку голема што повеќе не може да се живее заедно. Така, една етничка група може да се повлече во изолација, да започнат судири... Ова се нарекува национализам и е присутно во секоја **ЕТНИЧКА** заедница, помалку или повеќе, дури и во „старите демократии“.

? Де, де, ова и баба ми го знае.

Да Мече, а можеби и баба ти прва ти рекла дека НИЕ сме најдобри, а дека другите се „трици од народ“.

? Да бе, откаде знаеш?

Затоа што тоа морал некој да ти го каже и може да биде само некој близок од твоето семејство. Тоа чувство не е природно, туку си го чул од твоите блиски, комшиите, од другарите уште како дете и глупаво е цел живот да го „вртиш“, а да не знаеш од каде ти е. Омразата кон другиот се учи и не е **ПРИРОДН**О дојдена до тебе. Кај луѓето нема „ген“ за мразење на **ДРУГИТЕ**.

Основно „оружје“ на демократијата е граѓанското образование на луѓето. Интересно е да се спомене дека сиромаштијата е предуслов за да се случи криза (меѓуетнички конфликт). Поради тоа, демократските држави истакнуваат дека подобриот живот е еден од начините да се смали конкуренцијата меѓу етничките групи, а да се зголеми личната конкуренција (без оглед на етничкото потекло).

Припаѓањето на повеќе организации, групи и едукацијата на населението се добар начин за разрешување на овие конфликти.

Најважно од сè е: политиката знае овие нетрпеливости да ги издигне на највисоко ниво и да предизвика криза. Кога ќе го направи тоа, се појавува како лекар. Тоа е исто како докторот да го зарази пациентот, па потоа да го лечи. ▸ ▸ ▸

Демократијата, преку слободата на изразување на поединците и етносите, сака навреме да ги забележи тие можни судири и благовремено да ги „лекува“. Поради тоа е важно секогаш да избираме способни, сталожени и чесни политичари за тие кризата да ја разрешуваат преку институциите на државата, а не „да дотураат масло на огнот“.

Тие за тоа и служат - нели?

Ах – да. Ќе заборавев: големиот број независни организации ја намалуваат можноста некоја од нив да има посебна или доминантна моќ за влијание во општеството. Организациите си конкурираат меѓу себе и моќта си ја делат по малку. Така се спречуваат диктатури.

А, дали е тоа добро? Што ако треба да се заврши некоја голема работа, а ниту една организација нема толку моќ сама да ја заврши?

Тогаш тие се договараат за соработка. Тоа го нарекуваат заеднички настап и тоа е сосема нормална и дозволена работа. Основно е да сакаш да соработуваш, а останатото се договара. Не се договараат само политичарите туку и граѓаните.

Значи, да имаа овците демократија, ќе можеа да си формираат здружение против стрижење волна и молзење млеко и синдикат на овците?Ааа не! Не е демократијата за овци.

Ајде Мече бегај, ќе задоцниш и комшијата ќе рече дека си се уплашил, односно ќе си додели службени 5:0 во гости.



